ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-120/7
04.08.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од [redacted], поднесено на **13.06.2025 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted], по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-120/2025** од **13.06.2025 година**, каде бара информација за акти поврзани со немилиот настан на каснување дете од страна на улично куче, и информации за вондредниот состанок за справување со уличните кучиња.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот [redacted], поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број **бр.11-120/2025** од **13.06.2025 година**. Во барањето наведе дека бара информација за акти поврзани со немилиот настан на каснување дете од страна на улично куче, и информации за вондредниот состанок за справување со уличните кучиња.

Согласно решението од Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер со бр.08-401 од 29.07.2025, во прилог **ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Допис до [redacted] со бр.11-120/5 од 04.08.2025
2.Допис до ЈП Комуналец со бр.11-120/6 од 04.08.2025

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 04.08.2025 година, под бр. 11-120/7.

**Службено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**

_______________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.120/6
04.08.2025

**До [redacted]**
**7000 Битола**

Почитувани,

Во врска со вашето барање за пристап со информации од јавен карактер бр.11-120/2025 од 13.06.2025 година, и согласно насоките дадени во Решението од Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер со бр.08-401 од 29.07.2025, Ве известуваме дека Градоначалникот на Општина Битола во врска со немилиот настан на каснување дете од страна на улично куче, со фејсбук објава на официјалната страна истакна дека изразил длабоко жалење и остварил контакт со родителите на детето што беше каснато од куче и му посакал брзо закрепнување.

По однос на второто ваше прашање истакнато во барањето, Ве известуваме дека Општина Битола не располага со други документи од одржаниот вондреден состанок.Поради тоа Ви беше испратен записникот од одржаниот вондреден состанок од ЈП Комуналец и кој истиот во прилог повторно ви го доставуваме.

Барањето ќе биде испратено и до ЈП Комуналец за дополнителен одговор.

Во прилог:

-Записник од одржаниот вондреден состанок од 22.04.2025 година.

- Допис до ЈП Комуналец

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА БИТОЛА
Тони Коњановски

ОПШТИНА БИТОЛА

**Градоначалник**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: 02. 07. 2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 120/3 | | |

До

Лице за посредување при остварување на
слоботен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

Почитуван,

По однос на Вашите поставени прашања по пат на Барање за пристап на информации од јавен карактер, Ве известуваме дека во прилог Ви го праќаме записникот од ЈП Комуналец - Битола.

Битола
02.07.2025

Градоначалник
Тони Коњановски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА БИТОЛА

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

Ј. П.
КОМУНАЛЕЦ
БИТОЛА

ЈП КОМУНАЛЕЦ Битола
Бр. 03-275/2
02.05 2025 год.
Битола

# ЗАПИСНИК

На состанокот одржан на ден 22.04.2025 година по повод немилите настани низ градот кога беа нападнати и каснати деца, беа присутни ВД Директорот на ЛП Комуналец Степановски Горан, Инспектор од Агенција за Храна и Ветеринарство, претставници на ветеринарните амбуланти кои вршат третман на кучињата во прифатилиштето Хачико и вработени во прифатилиштето Хачико а записничар беше Александар Настевски вработен во ЛП Комуналец Битола.

На состанокот беа разгледани сите законски можности и начини со кои кучињата безбедно ќе се отстранат од улица и ќе се сместат во прифатилиштето, но се дојде до заклуок дека согласно законот во ваквото делување постојат големи ограничувања.

Во координација со присутниот инспектор од Агенцијата за Храна и Ветеринарство и присутните претставници на ветеринарните амбуланти беа разгледани законските прописи и можности за делување со цел заштита на граѓаните од кучињата скитници а воедно и хуман третман на истите. По опсежната дискусија и предлозите на присутните се донесоја неколку насоки за постапување во наредниот период.

1. Повторно заловување на кучината од критичните локации од пријавите со цел заштита на граѓаните;

2. Заловување и времено чување на кучињата во прифатилиштето од центарот на градот (Широк Сокак, Градски парк, Саат кула, Офицерски дом) заради зголемениот број на туристи кои ќе бидат присутни во периодот што следи;

3. Воспоставување на зголемена координација со СВР Битола, за зголемени контроли на критичните точки каде постои сомнеж дека се испуштаат кучиња од околните населени места или општини.

ВД Директор Горан Степановски ______________________

Записничар Александар Настевски ______________________

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
ЈП Комуналец
16-та Б.Б Битола

Бр.11-120/5
04.08.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Ви го доставуваме за понатамошно постапување барањето бр.11-120/1 од 13.06.2025 година, како и согласно насоките дадени во Решението од Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер со бр.08-401 од 29.07.2025.

Ве молиме да одговорите на истото во директна комуникација со барателот.

Во прилог:
-Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер 11-120/1 од 13.06.2025 год.
- Решението од Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер со бр.08-401 од 29.07.2025.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 13. 06. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 120 | | |

2863

До: Општина Битола

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted], со адреса на [redacted] Битола, е-маил [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Сите акти и дејствија преземени од градоначалникот а кои се директно или индиретно поврзани со немилиот настан на каснување на дете од страна на улично куче и подоцнежната вонредна акција за заловување на бездомни кучиња;

2. Сите информации и документи за вонредниот состанок за справување со уличните кучиња во Битола, вклучувајќи но не ограничувајќи се на информации и документи за тоа кој раководеше со овој вонреден состанок, кој го свика, улогата на градоначалникот во истиот, документација за неговата иницијатива до СВР Битола за зголемени контроли на критичните точки, записник од овој состанок и целокупната поврзана документација;

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во Битола, 13.06.2025 година** [redacted]